Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3518/3 од 25.09.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година, бр.05-2626/1 од 22.06.2020 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 243.132.275,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со прераспределба на средствата на следната позиција:

- Групната ставка **417 – Интелектуални и други услуги** ќе остане на претходно утврденото ниво и истата изнесува 24.873.000,00 денари.
- Позицијата **417800 – Други неспомнати услуги - истражување** ќе остане на претходно утврденото ниво и истата изнесува 4.339.000,00 денари.

  На оваа позиција се изврши прераспределба на средствата кои беа планирани за обезбедување податоци од електронско мерење на телевизиската публика и за оваа набавка беа планирани средства во износ од 1.204.000,00 денари со вклучен ДДВ. Оваа набавка Агенцијата во 2020 година нема да ја спроведе и од таа причина дел од тие средства, односно 500.000,00 денари искористи за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година, со цел да се обезбедат средства наменети за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво. За да се обезбедат 500.000,00 денари, потребно е да се изврши прераспределба на средствата на следната позиција во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио

и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020 година и тоа: Групната ставка 417 - Интелектуални и други услуги останува на претходно утврденото ниво и истата изнесува 24.873.000,00 денари. Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – истражување останува на претходно утврденото ниво и истата изнесува 4.339.000,00 денари. На оваа позиција се изврши прераспределба на средствата кои беа планирани за обезбедување податоци од електронско мерење на телевизиската публика и за оваа набавка беа планирани средства во износ од 1.204.000,00 денари со вклучен ДДВ. Оваа набавка Агенцијата во 2020 година нема да ја спроведе и од таа причина дел од тие средства, односно 500.000,00 денари искористи за изработка на студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за ТВ емитување на државно ниво.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2020 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3818/3 од 25.09.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 33-та седница одржана на 25.09.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-3553/1**
**25.09 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р**